# КОРИСНИЧКО УПАТСТВО ЗА ПОДЕНСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗА ОЦЕНА ЗА П-ПСР И ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРЕЧЕНОСТ НА РАБОТА ПРЕКУ ПОРТАЛОТ НА ФЗОМ



# Содржина


1 Процес на поднесување на П-ПСР образец преку Портал ..... 3

1.1 Изработка на П-ПСР образец..... 3

1.2 Потпишување и испраќање на П-ПСР образецот во ФЗОМ..... 7

1.3 Следење статуси ..... 9

2 Процес на поднесување на ИСР образец преку Портал ..... 13

2.1 Изработка на ИСР образец ..... 13

2.2 Потпишување и испраќање на ИСР образецот во ФЗОМ ..... 18

2.3 Следење статуси ..... 20

# 1 Процес на поднесување на П-ПСР образец преку Портал

Целта на овој документ е да се опише начинот на кој избран општ лекар, гинеколог или стоматолог ќе може да поднесе П-ПСР образец за свој осигуреник преку портал, каде електронски потпишаниот П-ПСР образецот ќе биде спроведен до модулот за лекарска комисија каде може да се избере како составен документ од барање за оцена/мислење на лекарската комисија.

## 1.1 Изработка на П-ПСР образец

Најавен корисник на Порталот на Фондот кој има улога на избран општ лекар, гинеколог или стоматолог (или нивна редовна и подолготрајна замена) ќе може да избере изработка на П-ПСР образец кој се наоѓа во делот на Барања за осигуреници. Со клик на иконата за “Барања за осигуреници” се отвора панелот во кој се прикажуваат различните видови барања кои може да ги поднесе најавеното лице преку Портал за своите осигуреници во зависност на улогата која со која се најавува. (Слика 1)






**Слика 1**

Во овој панел доколку ја имате соодветната улога се листа и редот за П-ПСР/ИСР образец каде со клик можете да ја отворите страната преку која понатаму може да се пребара осигуреник и да се поднесе Предлог за оцена за привремена спреченост за работа, односно извештај за спреченост при работа.

Пребарувањето на осигуреникот се прави со внес на ЕМБГ/ЕЗБО во означеното поле, по што се клика на копчето “Пребарај”. (Слика 2)




**Слика 2**

Доколку пребараното лице има активна ИЛ пријава кај дадениот лекар или неговата замена, се отвора нова страна за преглед на детали за издадени П-ПСР, односно ИСР обрасци за тој осигуреник. Деталите за П-ПСР обрасците се наоѓаат на првиот таб (ПСР – Предлози за оценка за привремена спреченост на работа), додека пак вториот таб е наменет за детали од ИСР – Извештаи за спреченост при работа. (Слика 3)








**Фонд за здравствено осигурување на Македонија**
helpdesk@fzo.org.mk

**Слика 3**

Во табелата за преглед можете да ги видите сите изготвени П-ПСР обрасци со информации за: дијагноза, датум на креирање, прв ден на спреченост, статус (пред прием во ЛК), статус од ЛК, одобрено боледување (од- до) и поле за акции кои можат да се спроведат на тој предлог за П-ПСР. Доколку П-ПСР образецот е внесен во модулот за лекарска комисија, а не преку Портал, најавениот лекар може само да ги прегледа деталите од мислењето за тој П-ПСР образец, а тоа може да го направи со клик на .

Креирањето на нов Предлог за П-ПСР се прави со клик на копчето во горниот десен агол од прегледот, со што се отвора нова форма за пополнување на податоци за новиот предлог. (Слика 4)




**Слика 4**

Информации кои се задолжителни за пополнување се:

- Број на лекарски дневник
- Шифра на дијагноза – се внесува шифрата, по што се прикажува листата на дијагнози кои ја содржат таа шифра и се избира соодветно од листата.
- Прв ден на спреченост

Дополнително, но не задолжително, можат да бидат внесени информации за:

- Анамнеза

- Сегашна здравствена состојба
- Мислење
- Приложени документи – Се избира квадратчето пред називот на документот, или дополнително се внесува нов документ кој го нема во листата. Внесувањето на нов документ се прави со испишување на називот на документот во полето 

по што треба да се кликне на копчето [+] за документот да се додаде на листата. Исто така додадениот документ можете да го избришете со клик на [x] (Слика 5)
- ЕМБГ на член на нега (доколку има потреба да биде внесено лицето на нега).

Доколку се работи за нега на член помал од 14 години, процесот за издавање на П-ПСР се започнува кај избран лекар на членот на нега (педијатарот) и во овој случај задолжително поле за внес е “Носител на барање”. (Слика 6)

Во полето за лекар автоматски се пополнуваат податоците за најавеното лице како лекар.




**Слика 5**




**Слика 6**

Со клик на копчето “Зачувај” можете да го зачувате изготвениот Предлог за П-ПСР, кој со зачувањето ќе ви се излиста во делот на поднесени П-ПСР Обрасци. (Слика 7)

## 1.2 Потпишување и испраќање на П-ПСР образецот во ФЗОМ



ПРЕГЛЕД НА ПОДНЕСЕНИ ПРЕДЛОЗИ ЗА ПСР

| Дијагноза | Датум на креирање | Прв ден на спреченост | Статус | Датум на одлука ЛК | Статус од ЛК | Боледување од-д | Акции |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | -- Сите статуси -- | | -- Сите статуси од ЛК -- | | |
| K29.2 (АЛКС | 28.01.2015 | 28.01.2015 | За потпишување | | | | |
| G11.0 (КОНІ | 26.01.2015 | 22.01.2015 | Лекарска комисија | 1/26/2015 | ПЛК - ОДОБРЕНО - ЗАВРШУВАЊЕ | 1/26/2015 - 1/27/201 | |

**Слика 7**

По креирањето на образецот тој е во статус “За потпишување” и за него од прегледот се достапни некои акции кои можат да се превземат и тоа:

- Промени запис
- Потпиши
- Избриши запис

Со клик на копчето за “Промени запис” се отвора форма за внес на податотоци каде ќе можете да ги коригирате претходно внесените податоци. (Слика 8)




**Слика 8**

Со клик на “Избриши запис” се јавува порака за потврдување на акцијата. (Слика 9)




**Слика 9**

За да го испратите Предлогот за ПСР до ФЗОМ, потребно е да можете електронски да го потпишете истиот. Тоа се прави на копчето за потпишување по што ќе ви се јави порака за потпишување со соодветниот сертификат. (Слика 10)

Следува и порака за потврдување на потпишувањето. (Слика 11)




**Слика 10**




**Слика 11**

## 1.3 Следење статуси




**Слика 12**

Со потпишувањето предлогот добива статус “Потпишано” за кој статус следуваат посебни акции кои се дозволени за тоа барање и тоа:

Преглед на потпишан П-ПСР Образец – Со клик на оваа акција се отвора форма за преглед на податоците од образецот без можност за нивна корекција. (Слика 13)

Печати П-ПСР – Со клик на оваа акција се прикажува П-ПСР образецот во соодветната форма за печатење. (Слика 14)

Сторнирај – Со клик на оваа акција може да се сторнира креираниот и потпишан образец, по што се јавува порака за потврда на акцијата. Сторинирањето на овој документ е достапно се додека Предлогот за П-ПСР не се преземе како документација за одредено барање во ЛК. (Слика 14)

Преглед на одлука од лекрска комисија



**Фонд за здравствено осигурување на Македонија**
helpdesk@fzo.org.mk




Слика 13


ФЗОМ-Образец –ПСР

Здравствена установа
ОРДИНАЦИЈА ПО ОПШТА МЕДИЦИНА
Работна единица
Бр.на лекарски дневник 123

ДО

ПРВОСТЕПЕНА/ВТОРОСТЕПЕНА
ЛЕКАРСКА КОМИСИЈА НА ФОНДОТ

**П Р Е Д Л О Г**

ЗА ОЦЕНА НА ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА

Презиме, име на родител /старател и име на осигуреникот

Адреса

Број на здравствена легитимација

Единствен матичен број

Единствен здравствен број на осигуреникот

Број на здравствен картон

1 - ЛИЦА СО ПЛАТА (1)
Основ на осигурување

Вработен во
Назив на обврзникот за уплата на придонес

Од 23.09.2009
Дата

Прв ден на спреченост на работа 09.09.2014
Анамнеза

Сегашна здравствена состојба на болниот, статус и наод од доктор специјалист, останати наоди:

1. ☐ Лабораториски наоди
2. ☐ РТГ
3. ☐ Извештај пд специјалист
4. ☐ Конзилијарно мислење
5. ☐ Отпусно писмо

Дијагноза СИСТЕМ.АТРОФ.ПРИМАРНО ГО ЗАФАЌА ЦНС КАЈ ДР.БОЛЕСТИ КЛАСИФ.НА ДР. МЕСТ | G | 1 | 3 | . | 8 |

Мислење на избраниот лекар

Во на 25.09.2014 година МП Потпис и факсимил на избраниот лекар

Овој документ беше потпишан електронски на : 9/25/2014 2:00:56 PM

Слика 14




**Слика 15**

Со преземање на Предлогот за ПСР како документација за одредено барање во ЛК, статусот на ова барање се менува во “Испратено во ФЗОМ”, додека пак паралелно може да се следи статусот од ЛК за барањето во кое овој П-ПСР е составен дел. Во овој статус на предлогот достапни се и соодветни акции. (Слика 16)




**Слика 16**

Со добивање на конечен статус од ЛК во делот за акции ќе биде достапна и акција преку која ќе може да се прегледа и оцената/мислењето од ЛК за тој Предлог за П-ПСР. (Слика 17)

Со клик на 🗎 се отвора форма со податоците од мислењето од ЛК. Доколку се работи за мислење во кое е “Одобрено- Продолжување”, како дополнителна информација се јавува и “Датум на следен преглед”. (Слика 18)




**Слика 17**




**Слика 18**

Во целост статусите кои може да ги добива Предлогот за П-ПСР пред да биде превземен за обработка од ЛК, како и статусите од обработката како дел од барањето во ЛК се прикажани подолу. Истите можат да послужат како филтер за филтрирање на предлозите за П-ПСР по статусот. (Слика 19, Слика 20)




**Слика 19**




**Слика 20**





# 2 Процес на поднесување на ИСР образец преку Портал

Во овој дел од документот е опишан начинот на кој избран општ лекар, гинеколог или стоматолог ќе може да поднесе ИСР образец за свој осигуреник преку портал, каде електронски потпишаниот ИСР образецот ќе биде спроведен до модулот за Боледување каде може да се избере како составен документ од постапката за одобрување на боледување. Прегледот за деталите од сите ИСР обрасци за осигуреникот се наоѓаат веднаш до прегледот за издадени П-ПСР обрасци. (Слика 3)

## 2.1 Изработка на ИСР образец

Креирањето на еден ИСР образец може да се одвива во две насоки: ИСР образец кој е креиран врз основ на дадено мислење од Лекарската Комисија, или пак без мислење од Лекарска Комисија, но со задолжителен внес на Отпусно Писмо. Почетокот на процесот е на страната за детали на осигуреникот за издадени П-ПСР, односно ИСР обрасци, во табот за ИСР – Извештаи за спреченост при работа. (Слика 21)




**Слика 21**

**Изработка на ИСР образец на дадено мислење од Лекарската Комисија**

Со клик на копчето ➕ се отвора нов прозорец во кој потребно е да ги пополните податоците соодветно. Доколку се работи за изработка на ИСР со мислење од лекарската комисија од првата листа треба како “Тип на ИСР” да изберете “ИСР со мислење од ЛК”. (Слика 22)




**Слика 22**

Следно потребно е да изберете причина за спреченост на работата од едно од понудените причини од листата. (Слика 23)




**Слика 23**

За да можете да изберете мислење од лекарската комисија врз кое би го креирале овој ИСР образец потребно е избраните “Причината за спреченост за работа” и “Прв ден на спреченост

на работа” да се поклопуваат со овие податоци од мислењето на лекарската комисија, кое е достапно електронски. (Слика 24)

Понатаму образецот можете да го надополните со: Причини за повреда на работа (Слободен опис), Дали повредата е предизвикана од трето лице, односно дали е рецидив? (Да/Не избор), за на крај да додадете мислење од ЛК со клик на копчето “Додавање (Промена) на мислење”. Со клик на ова копче се отвора нов прозорец од каде доколку за внесените податоци е издадено едно или повеќе мислења од ЛК, имате можност да изберете за кој/кои мислење/а сакате да креирате ИСР образец. (Слика 25)




**Слика 24**



**КРЕИРАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРЕЧЕНОСТ ОД РАБОТА**

| Број лекарски дневник | Статус | Боледување од-до | Дијагноза | Акции |
|---|---|---|---|---|
| 12-2/2015 | ПЛК - ОДОБРЕНО - ПРОДОЛЖУВАЊЕ | 26.01.2015-27.01.2015 | K29.2 - АЛКОХОЛЕН ГАСТРИТ | ☐ |
| 54 | ПЛК - ОДОБРЕНО - ЗАВРШУВАЊЕ | 28.01.2015-01.02.2015 | Q01 - ЕНЦЕФАЛОКЕЛА | ☑ |
| 43W | ПЛК - ОДОБРЕНО - ЗАВРШУВАЊЕ | 02.02.2015-15.02.2015 | F20 - ШИЗОФРЕНИЈА | ☐ |
| 32 | ПЛК - ОДОБРЕНО - ЗАВРШУВАЊЕ | 20.02.2015-28.02.2015 | F20 - ШИЗОФРЕНИЈА | |

| Податоци за ИСР | |
|---|---|
| Почетна дијагноза: | Q01 - ЕНЦЕФАЛОКЕЛА |
| Крајна дијагноза: | Q01 - ЕНЦЕФАЛОКЕЛА |
| Боледување од - до: | 28.01.2015 - 01.02.2015 |

ВРАТИ СЕ НАЗАД | ЗАЧУВАЈ | ОТКАЖИ

**Слика 25**

Во овој дел можете да изберете повеќе од едно мислење доколку се однесуваат на истиот прв ден на спреченост и истиот тип на причина за спреченост со услов одобрените периоди на боледување да се надополнуваат односно да немаат прекин во боледувањето. Тоа се прави со штиклирање на некое од квадратчињата во делот за акции, каде доколку на едно избрано мислење се надоврзува друго, ќе има можност да се селектира и второто мислење. Како што може да се види и од Слика 25 и Слика 26, последното мислење нема можност да биде избрано како надополнување на претходно избраните мислења, поради тоа што би се направил прекин во одобреното боледување. Во долниот дел од овој приказ се прикажуваат информации за ИСР-то и тоа вкупен период на боледување од избраните мислења и почетна и крајна дијагноза (Почетна дијагноза- од мислењето со најран датум, Крајна дијагноза- од мислењето со најстар датум). Крајниот датум на боледувањето може да биде коригиран само до таа мерка што не би преклопил период од друго мислење (не е надвор од периодот одобрен од ЛК), односно не е помал од датумот на почеток на боледувањето од тековно избраното мислење. (Слика 26)

Доколку сме ги избрале соодветните мислења, можете да се вратите назад, со клик на ВРАТИ СЕ НАЗАД и да го дополните ИСР образецот или да го зачувате со клик на копчето ЗАЧУВАЈ.








**Слика 26**

## ИСР без мислење од Лекарска Комисија

Кога сакате да изработите ИСР образец без мислење од ЛК тогаш како “Тип на ИСР” треба да изберете “ИСР без мислење од ЛК”. (Слика 22) Со овој избор Ви се прикажуваат сите информации кои треба да се пополнат за креирање на ваков ИСР образец, а тоа се:

- Причина за спреченост за работа (Избор од спуштачко мени)
- Прв ден на спреченост
- Дата на спреченост на работа (Период на спреченост со датум од- до)
- Почетна дијагноза (со внес на шифра на дијагноза се прикажува листа на дијагнози за избор)
- Крајна дијагноза(со внес на шифра на дијагноза се прикажува листа на дијагнози за избор)
- Причина за повреда при работа (слободен опис)
- Дали повредата е предизвикана од трето лице? (да/не)
- Дали е рецитив? (да/не)

Податоците за лекар, се пополнуваат автоматски во однос на најавеното лице кое го креира ИСР образецот. Полињата означени со ѕвездичка се задолжителни за внес. (Слика 27)




**Слика 27**

## 2.2 Потпишување и испраќање на ИСР образецот во ФЗОМ




**Слика 28**

По креирањето на образецот тој е во статус "За потпишување" и за него од прегледот се достапни некои акции кои можат да се преземат и тоа:

- Промени запис
- Потпиши
- Избриши

Со клик на копчето за "Промени запис" се отвора форма за внес на податоци каде ќе можете да ги коригирате претходно внесените податоци. (Слика 28)




**Слика 29**

Со клик на “Избриши запис” се јавува порака за потврдување на акцијата. (Слика 30)




**Слика 30**

За да го испратите ИСР образецот до ФЗОМ, потребно е да можете електронски да го потпишете истиот. Тоа се прави на копчето за потпишување по што ќе ви се јави порака за потпишување со соодветниот сертификат. (Слика 31)




**Слика 31**





Следува и порака за потврдување на потпишувањето. (Слика 32)




**Слика 32**

## 2.3 Следење статуси




**Слика 33**

Со потпишувањето, извештајот добива статус "Потпишано" за кој статус следуваат посебни акции кои се дозволени за тоа барање и тоа:

Преглед на потпишан ИСР Образец – Со клик на оваа акција се отвора форма за преглед на податоците од извештајот без можност за нивна корекција.

Печати ИСР – Со клик на оваа акција се прикажува ИСР образецот во соодветната форма за печатење. (Слика 34)

Сторнирај – Со клик на оваа акција може да се сторнира креираниот и потпишан образец, по што се јавува порака за потврда на акцијата. Сторинирањето на овој документ е достапно се додека ИСР образецот не се преземе како документација за одредено барање за Боледување. (Слика 35)



ФЗОМ – Образец ИСР

**ИЗВЕШТАЈ**

ЗА ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА

1. ПОДАТОЦИ ЗА ОСИГУРЕНИК

Број на здравствена легитимација: [illegible]

Единствен матичен број: [illegible]

Презиме, име на родител/старател и име: [illegible]

Единствен здравствен број на осигуреник: [illegible]

Адреса: ЛИСЕЦ, ТЕТОВО

Основ на осигурување: 1 - ЛИЦА СО ПЛАТА (1)

Број на здравствен картон:

2. ПОДАТОЦИ ЗА ОБВРЗНИКОТ ЗА УПЛАТА НА ПРИДОНЕС

Назив: [illegible]

Регистарски број:

ЕМБС: [illegible]

3. ПОДАТОЦИ ЗА СПРЕЧЕНОСТА, ОДНОСНО ОТСУСТВО ЗА РАБОТА

Дијагноза: МАЛИГНА НЕОПЛАЗМА НА ХИПОФАРИНКСОТ

Почетна шифра: C 1 3

Крајна шифра: C 1 3

Дата на спреченост на работа: 11.02.15 - 28.02.15

Од: 1 1 0 2 1 5

До: 2 8 0 2 1 5

Прв ден на спреченост на работа: 03.02.15

Времетраење на болничко лекување: Од / До

3. ПРИЧИНА ЗА СПРЕЧЕНОСТА, ОДНОСНО ОТСУСТВО ЗА РАБОТА

| | |
|---|---|
| 0 1 | Болест и повреда надвор од работа |
| 0 2 | Повреда на работа и професионална болест |
| 0 3 | Лекување и медицинско испитување |
| 0 4 | Негување на болно дете до тригодишна возраст |
| 0 5 | Негување на болен член на потесно семејство над тригодишна возраст |
| 0 6 | Неопходно придруж. на болно лице упатено на преглед или лекување надвор од местото на живеење |
| 0 7 | Неопходно придружување на болна дете до тригодишна возраст додека е на болничко лекување |
| 0 8 | Доброволно давање на крв, ткиво или орган |
| 0 9 | Изолираност заради спречување на зараза |
| 1 0 | Бременост, раѓање и мајчинство |

Дали повредата е предизвикана од трето лице Не

Дали е рецидив Не

Причина за повредата на работа

МП

Потпис и факсимил на лекар

Слика 34



Фонд за здравствено осигурување на Македонија
helpdesk@fzo.org.mk




**Слика 35**

Со преземање на Предлогот за ПСР како документ од Лекарската комисија на Фондот, статусот на ова барање се менува во "Лекарска Комисија". (Слика 36)




**Слика 36**

Со преземање на ИСР како документ во процесот на поднесување на барање за боледување на товар на Фондот, статусот на ова барање се менува во "Боледување-ФЗОМ"